# ОДГОВОР

## на известување по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор

На ден 09.01.2015 година добиено е Известување по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – "Ефикасност на мерки, политики и проекти за подобрување на квалитетот на сместување во студентските домови во Република Македонија" од страна на одговорното лице на Министерството за образование и наука, бр.08-19637/2-14, заведени во Државниот завод за ревизија под број 1054/1.

Известувањето е разгледано од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е дека истото претставува известување за преземање на мерки и активности во однос на дадените препораки, согласно ревизорските наоди и тоа:

1. За **препораката број 1**, која се однесува за изработка на сеопфатна анализа за состојбата во студентските домови, МОН известува дека во текот на 2015 година, планира да преземе активности за изработка на анализа заради утврдување на реалната состојба на студентските домови во РМ.

2. За **препораката број 2,** која се однесува на донесување на подзаконските акти предвидени со Законот за студентски стандард, МОН известува дека активностите за донесување на преостанатите подзаконски акти согласно Законот за студентски стандард ќе се реализираат во наредниот период.

3. За **препораката број 3**, која се однесува за воспоставување на Регистар за студентски домови, МОН известува дека активностите за воспоставување на Регистарот за студентските домови ќе се заврши по извршување на процесот на верификација на дејноста на домовите, за што МОН побарало од студентските домови да достават имотни листови за недвижностите/објекти во кои се реализира дејноста. Во прилог на известувањето доставени се копии од одговорите добиени од студентските домови.

4. За **препораката број 4**, која се однесува за планирање на средствата при изработка на Програмата за остварување и развој на дејноста на студентскиот стандард за 2015 година пооделно за секој студентски дом, МОН известува дека до крајот на месец јануари 2015 година ќе се достават известувања до сите студентски домови за планираните средства од Програмата за остварување и развој на дејноста на студентскиот стандард за 2015 година.

5. За **препораката број 5**, која се однесува за подобрување на состојба со кадровската екипираност во МОН, ДПИ и државните студентски домови, како и усогласување и пополнување на работните места согласно нормативите и стандардите за опремата, просторот и кадарот во студентските домови, МОН известува дека сите барања за вработување односно за пополнување на

испразнетите работни места се доставени до Министерството за финансии, за кои добиено е образложение дека истите неможат да се реализираат во 2015 година.

6. За **препораката број 6**, која се однесува за преземање на мерки и активности за дефинирање и унифицирање на начинот на обезбедување на наплатата на побарувањата по основ на партиципација, МОН известува дека пред распишување на новиот конкурс за прием на студенти во студентските домови за студиската 2015/2016 година, МОН заедно со студентските домови **ќе** преземе мерки и активности за дефинирање и унифицирање на начинот на обезбедување на исплата на партиципацијата.

7. За **препораката број 7**, која се однесува за формирање на комисија за утврдување и донесување на цена за сместување и исхрана, МОН известува дека согласно одобрените финансиски средства со Буџетот за 2015 година и Програмата за остварување и развој на дејноста на студентскиот стандард за 2015 година веќе е утврдена цената за сместување и исхрана во студентските домови. Во наредниот период, со формирање на комисија ќе се утврди и донесе цена за поголема функционалност и подобрување на условите во студентските домови.

8. За **препораката број 8**, која се однесува за преземање на мерки за пропишување и дефинирање на трошоците за културно забавен живот, административна и општа штета согласно законската и подзаконската регулатива, МОН известува дека во текот на 2015 година во соработка со студентските домови ќе преземе мерки и активности за унифицирање, пропишување и дефинирање на трошоците за културно забавен живот, административна и општа штета.

9. За **препораката број 9**, која се однесува за преземање на марки и активности во однос на раселените лица кои се сместени во ДСД “Скопје“ и ДСД “Пелагонија“, МОН известува дека до крајот на 2014 година истите се превземени во целост.

10. За **препораката број 10**, која се однесува за преземање на мерки и активности за унифицирање на целокупната подзаконска регулатива односно на интерните акти на секој студентски дом, МОН известува дека во текот на 2015 година во соработка со студентските домови ќе се преземат мерки и активности за унифицирање на истите.

11. За **препораката број 11**, која се однесува за разгледување на можноста за воспоставување на софтвер за евиденција на студентите кои се сместени во домовите со цел добивање на целосни, точни и навремени податоци за секој студент, МОН известува дека со планираните набавки за 2015 година, планирано е да се изготви и софтвер за евиденција на партиципацијата за

сместување и исхрана на студентите, со кој би се воспоставила евиденција на студентите кои се сместени во студентските домови.

12. За **препораката број 12**, која се однесува на потребата МОН да ја доставува целокупната документација од проектите за изградба, реконструкција и санација на студентските домови до секој студентски дом за кој е извршена градбата, со цел нивно евидентирање во сметководствената евиденција, МОН известува дека за реализација на наведената активност ќе го задолжи одделението за инвестиции.

*Ревизорска екипа*

*1.* ____________________

*2.* ____________________

*Овластен државен ревизор*

____________________